КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

12 - 18 август 2019 Билтен бр. 334

ГРАДИНКАТА „ПРОЛЕТ" ВО ВЛАЕ ЌЕ СЕ ГРЕЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Општина Карпош доби средства за промена на системот на греење на детската градинка „Пролет“, во Влае.

Целосно ќе се замени постоечкиот систем на греење со нафта. Стариот и неефикасен котел на нафта како значителен загадувач ке биде заменет со систем од обновливи извори на енергија – термални пумпи (воздух/вода).

Локалната самоуправа аплицираше на Јавниот повик за реализација на Програмата за намалување на аерозагадување за 2019 година, објавен од Владата на Република Северна Македонија, при што врз основа на подготвениот проект се одобрија средства во износ од 55.000 евра.

На овој начин, ќе се придонесе кон заштита на животната средина, намалување на аерозагадувањето и значителна заштеда на средства за потрошувачка на топлинска енергија.

Локалната самоуправа продолжува со секојдневните активности за справување со аерозагадувањето, како еден од најгорливите проблеми, не само во нашата Општина туку на територија на целата држава.

БОГОЕВ: ЗГРАДА НЕМА ДА ИМА, ПАТОТ ЗА ТРНОДОЛ ОСТАНУВА ИСТ, НИТУ ПАК КАНАЛОТ ЌЕ СЕ ЗАТВОРИ

Почитувани граѓани, драги карпошани,

На ова место, кај таканареченото „чатал“ помеѓу патот за Трнодол и патот за Жданец нема да има зграда.

Напротив, во Деталниот урбанистички план кој сега е само во почетна фаза и е на јавна анкета, овде се предвидува намена Д1, односно парковско зеленило, онака како што ви го ветив на вас граѓаните, во кампањата, од истото ова место.

Што се однесува до дилемите дали тука ќе има мост. Со Регулацискиот план на Град Скопје, уште одамна е предвиден мост којшто треба да го спојува патот за Трнодол и патот за Жданец, па така, ние како Општина мораме тој Регулациски план да го преземеме во нашиот ДУП.

Но, како и да е, во секој случај, со предложениот ДУП, овој пат, патот за Трнодол останува и понатаму ист.

Оттука, ниту каналот ќе се затвори, ниту на ова место ќе се гради зграда, ниту патот за Трнодол ќе се затвори.

Сето тоа се неточни работи и можат да се видат во предложениот детален урбанистички план.

Напротив, повторувам, тука ќе имаме парк, како што беше ветено на граѓаните во предизборието.

Ги повикувам сите граѓани, денеска, во 13:30 часот, во урбаната заедница „Кузман Јосифовски Питу“, до Угостителското училиште, да дојдат на јавната презентација и да се уверат во овие факти, но и да ги дадат нивните критики и забелешки, онака како што е предвидено во оваа фаза на носењето на Деталниот урбанистички план.

НОВ ПАРКИНГ НА „ВАРШАВСКА"

Општина Карпош деновиве ја завршува изградбата на целосно нов паркин простор на улицата Варшавска во Тафталиџе 1. Паркингот треба да им го олесни паркирањето и да ослободи нови места за возилата на станарите од неколку нови згради во непосредна близина.

На истата улица Општината инвестираше и во изградба на нови сливници, а се работи и на конечна реализација на тротоарите и на асфалтирање.

Изградбата на овие инфраструктурни објекти се финансирани од буџетот на општина Карпош.

НОВИ СКАЛИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ КАЈ МОСТОТ НА ОН

Општина Карпош изгради нови скали и нови пешачки патеки од левата и од десната страна на мостот Обединети нации, кои водат до спортските терени во Влае и до Кејот на Вардар. Пешачките патеки се прилагодени за пристап и на велосипедисти.

Изградбата на овие инфраструктурни објекти се финансирани од буџетот на општина Карпош.